**59 -та**

**С Е Д Н И Ц А**

**НА**

**С О В Е Т О Т**

**17.04.2025 година**

ОПШТИНА ДОЈРАН
Совет на општината
Кеј 5-ти Ноември б.р 1, Стар Дојран, 1487
tel/fax: +389 34 225 278
e-mail: dojran@t.mk
Стар Дојран

Бр.08 – 567/1 09.04.2025 година

Врз основа на член 39 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М."бр.5/02) и ("Службен весник на Р.С.М."бр.202/24) и член 59 од Деловникот на Советот на општина Дојран-пречистен текст ("Службен гласник на општина Дојран", бр.5/23) донесувам,

**Р Е Ш Е Н И Е**

За свикување на 59 -та седницана Советот на општина Дојран

Ја свикувам **59**–тата Седница на Советот на општина Дојран

Седницата ќе се одржи на ден **17.04.2025** година, (Четврток) со почеток во **11,00** часот, во просториите на седиштето на општина Дојран.
За седницата го предлагам следниот,

**Д Н Е В Е Н Р Е Д**

1.Годишен Извештај за реализација на Програмата за развој на Југоисточниот плански регион за 2024 година;
2.Предлог-Одлука за давање согласност и овластување за измирување на долг за испорачана електрична енергија на ЛПКД “КОМУНАЛЕЦ-ПОЛИН” Стар Дојран;
3.Предлог-Одлука за прифакање на иницијатива ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПROЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА КП 113/66 и КП 113/65 КО Нов Дојран вон град, општина Дојран со намена А4.1-Хостели, пансиони и згради со апартмани и студија;
4.Предлог-Одлука за прифакање на иницијатива за изработка ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПROЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА КП 514 и дел од КП 248/1 КО Нов Дојран вон град, општина Дојран со намена Е1.13-површински соларни и фотоволтаични електрани (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште);
5.Предлог-Решение за разрешување на член на У.О. на ЈПСЈДП “ТАУРИЈАН” Стар Дојран;
6.Предлог-Решение за именување на членови во Комисија за процена и утврдување на висината на штетата од природни непогоди и други несреќи на Општина Дојран;
7.Советнички прашања.

Претседател
на Советот на општина Дојран
Ратко Ајцев

Врз основа на член 36 став1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа("Службен весник на Р.М."), бр.5/02 и ("Службен весник на Р.С.М.", бр.202/24), а во врска со членот 32 од Законот за рамномерен регионален развој („Службен весник на Р.С.М.“, бр. 24/21 и 174/21), Советот на општина Дојран на седницата одржана на ден **17.04.2025** година, по заклучување на расправата по Годишниот извештај за работа на Центарот за развој на Југоисточниот плански регион за 2024 година ја донесе следната,

**О Д Л У К А**

По Годишниот Извештај за работа на Центарот за развој на Југоисточниот плански регион за 2024 година

**Член 1**

Со оваа одлука се прифаќа, Годишниот извештај за работа на Центарот за развој на Југоисточниот плански регион за 2024 година, бр.01-64/1 од 27.03.2025 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила во рок од 8 (осум) дена од денот на објавување во „Службен гласник на општина Дојран”.

Број 08- 567/3
17.04.2025 година
Стар Дојран

Претседател
на Советот на Општина Дојран
Ратко Ајцев

Врз основа на член 36 став 1 точка 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на Р.М.", бр.5/02) и ("Службен весник на Р.С.М.", бр.204/24) и член 16 од Статутот на општина Дојран(„Сл.гласник на општина Дојран", бр.9/06, 8/10, 12/14, 4/19 и 1/20), а во врска со член 17 од Законот за јавните претпријатија („Сл.весник на Р.М.", бр. 38/1996, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16 и 64/18) и („Службен весник на Р.С.М.", бр.35/2019, 275/2019, 89/22, 274/22 и 208/24), Советот на Општина Дојран на седница одржана на ден **17.04.2025** година донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**

За разрешување на член на Управниот одбор на Јавното претпријатие за стопанисување со јавен, деловен и паркинг простор "Тауријан" Стар Дојран

**1**.СЕ разрешува, **Александра Танушева**, од Јосифово, општина Валандово од функцијата член на Управниот одбор на Јавното претпријатие за стопанисување со јавен, деловен и паркинг простор "Тауријан" Стар Дојран.

**2**.Оваа Решение влегува во сила со денот на објавување во "Службен гласник на општина Дојран ".

Број 08- 567/4
17.04.2025 година
Стар Дојран

Претседател
на Советот на Општина Дојран
Ратко Ајцев

Врз основа на член 22 став1 точка 4 од Законот за локалната самоуправа("Службен весник на Р.М."), бр.5/02 и ("Службен весник на Р.С.М."бр.202/24), а вoврска со членот 7 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата,(„Службен весник на Р.М.“ бр.169/15, 226/15, 55/16, 11/18 и 83/18), и („Службен весник на Р.С.М.“, бр.98/19, 302/20, 122/21, бр.33/24 и 208/24), Советот на општина Дојран на седницата одржана на ден **17.04.2025** година, по заклучување на расправата по Сообраќајниот проект за регулирање на сообраќајот на улицата „Никола Карев„ улица „Јане Сандански„ улица „Илинденска„ и улица „Вељко Влаховиќ„ во Стар Дојран, ја донесе следната,

**О Д Л У К А**

За утврдување потреба од измена на Основниот сообраќаен проект за режим на сообраќај на улица „Никола Карев„ улица „Јане Сандански„ улица „Илинденска„ и улица „Вељко Влаховиќ„ во Стар Дојран

**Член 1**

Со оваа одлука се утврдува потребата од измена на Основниот сообраќаен проект за режим на сообраќај на улица „Никола Карев”, улица „Јане Сандански”, улица „Илинденска” и улица „Вељко Влаховиќ” во Стар Дојран, Општина Дојран, со технички број ДО-IV-763-1/22,изработен од ДПУ„ХИДРО ЕНЕРГО ИНЖЕНЕРИНГ” ДОО Скопје.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила во рок од 8 (осум) дена од денот на објавување во „Службен гласник на општина Дојран„.

Број 08- 567/5
17.04.2025 година
Стар Дојран

Претседател
на Советот на Општина Дојран
Ратко Ајцев

Врз основа на член 14 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02) и („Службен весник на Р.С.М.“), бр.202/24, член 4 став 3, член 9 став 2 алинеа 2 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на Р.М.“),бр. 79/09 и ("Службен весник на Р.С.М."), бр.241/24, член 16 од Статутот на општина Дојран ("Службен гласник на општина Дојран"), бр.9/06, 8/10, 12/14, 4/19 и 1/20, Советот на Општина Дојран на седница одржана на ден **17.04.2025** година, донесе,

# ОДЛУКА
## за воспоставување на меѓуопштинска соработка на Општина Дојран со Општина Богданци

**Член 1**

Со оваа одлука се утврдува остварување на меѓуопштинска соработка на Општина Дојран со Општина Богданци, формата на меѓуопштинската соработка и предметот на соработката.

**Член 2**

Меѓуопштинска соработка ќе се остварува со вршење на определени работи од страна на Општина Богданци за Општина Дојран.

**Член 3**

Работи кои Општина Богданци ќе ги извршува за Општина Дојран се од областа на располагање со градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија - отстапување на вработени лица со овластување за управување со градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија.

**Член 4**

За вршење на работите од членот 3 на оваа одлука Општина Дојран со Општина Богданци ќе склучат договор со кој поконкретно ќе се утврди видот на работите, извршителот на работите, начинот на извршувањето и висината на надоместокот за извршените работи.

Договорот ќе го склучат Градоначалниците на двете општини.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на Општина Дојран“.

Број 08- 567/6
17.04.2025 година
Стар Дојран

Претседател
на Советот на Општина Дојран
Ратко Ајцев

Република Северна Македонија
Општина Дојран
*Совет на Општина*
Кеј 5-ти Ноември бр.1., Стар Дојран,1487
**tel/fax: +389 34 225 278**
**e-mail: dojran@t.mk**
**Стар Дојран**

Бр. 08 – 567/7 17.04.2025 година

До
Градоначалник на Општина Дојран
Стар Дојран

ПРЕДМЕТ Доставување донесени прописи од Советот на општина Дојран

Ви ги доставуваме прописите донесени од Советот на Општина Дојран на одржаната седница на ден 17.04.2025 година, заради објавување во „Службен гласник на општина Дојран”:

1.Одлука по Годишниот Извештај за работа на Центарот за развој на Југоисточниот плански регион за 2024 година;

2.Решение за разрешување на член на Управниот одбор на Јавното претпријатие за стопанисување со јавен, деловен и паркинг простор “Тауријан” Стар Дојран;

3.Одлука за утврдување потреба од измена на Основниот сообраќаен проект за режим на сообраќај на улица „Никола Карев„ улица „Јане Сандански„ улица „Илинденска„ и улица „Вељко Влаховиќ„ во Стар Дојран;

4.Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка на Општина Дојран со Општина Богданци;

Изготвил,Дарко Качаков, Раководител на оддел.
За правни и општи работи
Јавни дејн. И управ. Со човечки ресурси,

Претседател
на Советот на општина Дојран
Ратко Ајцев